ФИЛХАРМОНИЈА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
бул. Гоце Делчев бр.2 • 1000 Скопје • тел: +389 2 3118 450 • факс: +389 2 3165 753 • contact@filharmonija.org.mk
bul. Goce Delcev br.2 • 1000 Skopje • phone: +389 2 3118 450 • fax: +389 2 3165 753 • contact@filharmonija.org.mk
www.filharmonija.mk

В.д Директорот на НУ Филхармонија на РСМ – Скопје, врз основа на член 12 од Статутот на Установата (пречистен текст) арх.бр.02-126/3 од 05.03.2020 година, Одлука за распишување на Конкурс за нарачка на композиции од домашни автори арх. бр. 04-322/1 од ден 10.05.2024 година, Решение арх. бр. 04-522/1 од ден 02.09.2024 година за формирање на Комисијата за избор на симофонсики дела за откуп по повод 80 годишниот јубилеј на НУ Филхармонија на РСМ – Скопје и Одлука на Комисијата за избор на симофонсики дела за откуп арх.бр.04-532/4 од 13.09.2024 година, ја донесе следната:

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА - ФИЛХАРМОНИЈА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
INSTITUCIONI NACIONAL - FILHARMONIA
E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 02-566/1
23.09. 20 24 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

## О Д Л У К А

1. Композиции кои ќе бидат откупени од страна на НУ Филхармонија на РСМ – Скопје и изведени во текот на концертната сезона 2024/2025 година, согласно Конкурсот на НУ Филхармонија на РСМ – Скопје за нарачка на композиции од домашни автори со арх. бр. 04-322/1 од ден 10.05.2024 година, се следните:
   - Делото со шифра G2F5T („Јубилејна фантазија") од композиторот Борис Светиев;
   - Делото со шифра 985KA („Куклици") од композиторката Ана Пандевска;
   - Делото со шифра 1456 („Итар Пејо") од композиторот Филип Иванов.

2. Согласно критериумите определени во Конкурсот, на авторите на делата наведени во точка 1 ќе им се исплати надоместок за откуп од по 154.451,00 денари.

3. Одлуката стапува во сила на денот на нејзиното донесување.

### О б р а з л о ж е н и е

Од страна на НУ Филхармонија на РСМ – Скопје, распишан е Конкурс за нарачка на композиции од домашни автори арх. бр. 04-322/1 од ден 10.05.2024 година, по повод 80 годишниот јубилеј на институцијата. Со Решение на ВД Директорот на НУ Филхармонија на РСМ – Скопје арх. бр. 04-522/1 од ден 02.09.2024 година, формирана е Комисија за откуп на симфониски дела, со надлежност да избере дела кои ќе бидат откупени од страна на Установата согласно правилата и критериумите определени во Конкурсот.

На ден 05.09.2024, Комисијата одржа состанок со цел да утврди дали доставените дела ги исполнуваат формалните критериуми согласно распишаниот Конкурс, и кои дела се квалификувани за да бидат предмет на понатамошно разгледување и оценување од уметнички аспект. Притоа, од страна на Комисијата е констатирано дека пет од доставените дела ги исполнуваат формалните критериуми определени со Конкурсот, додека две од доставените дела се дисквалификувани поради формални недостатоци. За овој одржан состанок, Комисијата изготви Записник арх.бр.04-532/1 од ден 05.09.2024 и Одлука арх.бр. 04-532/2 од ден 05.09.2024.

На ден 13.09.2024 година, Комисијата одржа состанок со цел гласање и избор на дела кои ќе бидат откупени од страна на институцијата и изведени во текот на концертната сезона 2024/2025 година. За одржувањето на овој состанок Комисијата, изготвен е Записник